# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**ОКТОМВРИ 2019**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ АКТИВНО ПРОДОЛЖИ СО СВОИТЕ ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ

Во месец октомври, вработените од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија донираа сочувани и чисти облека, обувки, постелнина и ќебиња.

За таа цел, Комисијата оствари соработка со социјалното претпријатие „Копче“ кое функционира од 2018 година и кое е место каде секој може да донира, да купи облека од втора рака или пак истата да ја добие бесплатно. Преку пунктот за бесплатно делење облека, континуирано, со ваучери за облека се дистрибуира облека на лица во социјален ризик (семејства, лица сместени во згрижувачки семејства и лица сместени во институции).

Во Комисијата беше поставен контејнер за донирање на обувки, облека, ќебиња и постелнина и на тој начин со донирање вработените во Комисијата повторно промовираа солидарност, хуманост и волунтаризам преку ефикасен систем на дистрибуција на облеката до лицата во ризик кој овозможува лесен пристап до облека за лицата со ниски примања на кои им треба помош, кој овозможува вработување на ранливи целни групи и кој дава придонес во зачувување на еко средината затоа што од донираната облека која не може директно да се искористи, се изработуваат производи во patch-work техника кои потоа се донираат или продаваат во продавницата за половна облека, а паричните средства се користат за семејствата на кои им треба помош.

